# СЕИФ ВЕНЛИ

ИЗЛОЖБАТА Е ПОДГОТВЕНА ВО СОРАБОТКА СО СОЈУЗНАТА КОМИСИЈАТА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО И ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АМБАСАДА ВО КАИРО

THE EXHIBITION IS REALIZED IN COLLABORATION WITH THE FEDERAL COMMISSION FOR CURTURAL CONNECTIONS WITH FOREIGN CONNTRIES AND THE YUGOSLAV EMBASSY IN CAIRO

САЛОН НА МУЗЕЈОТ — ЃУРО САЛАЈ 34

SALON OF THE MUSEUM — GJURO SALAJ 34

# СЕИФ ВЕНЛИ
# SEIF WANLY

16. V — 5. VI. 1969




СЕИФ ВЕНЛИ

Александрискиот уметник Сеиф Венли (Mohamed Sejfudin Wanly) е еден од уметниците на современата генерација која го претставува уметничкото движење во Египет и чија слава ги надмина териториjалните граници, така што нејзините имиња блеснаа во странство. Тој е сликар на различни инспирации, постојани активности и богата продукција која што се обновува, а сето тоа на неговото творештво му дава посебна уметничка вредност. Тој е носител на влијанијата на младите уметници, а исто така се смета како предводник на современата уметност во сликарството во нашата земја.

Сеиф е роден во Александрија во 1906 година. Тој навлезе во сликарството по пат на приватните ателјеа (сликарските школи). Заедно со својот брат Адем Венли, се вклучи во ателјето на Оторино Бечи, и откако со помош на својот професор ги совлада тајните на оваа уметност, во 1932, заедно со својот брат, основа ателје. Во своите дела тој се усмеруваше кон постојаното истражување и развивање. Овој развиток јасно се појави во неговите дела откако му се укажа можноста да отпатува во странство и да се запознае со врвните уметнички дела. Така тој го заседе местото кое заслужено му припаѓа во редовите на уметниците од ОАР и во застапувањата на својата земја на меѓународните изложби во странство.

Во знак на признание кон овој истакнат уметник, државата го постави за професор на Факултетот за ликовна уметност во Александрија уште од неговото основање, а како признание за неговата уметност, министерот за култура го задолжи да отпатува во Нубија и да се запознае со нејзините карактеристики, така што неговите импресии забележани со палета би можеле да послужат како основа за книгата што ќе биде издадена како пропаганда во полза на проектот за спасување на нубиските споменици.

Темите што Сеиф Венли ги обработува, се многубројни и сите се инспирирани од секојдневниот живот, како оние претставени реалистички, така и оние сликани апстрактно. Тој презентира пејсажи, мртви природи, луѓе во движење и мирување, на улици, во кафеани, паркови, јавни клубови, спортски терени, натпревари, коњски трки, борби со бикови, освојување на вселената. Можам да кажам дека

платната на Сеиф Венли и неговите цртежи претставуваат регистар, и тоа убав и правилен, за секојдневниот живот во Александрија, Нубија и Асуан, а исто така тој ги претставува и пејсажите од земјите што ги посетил (Италија, Полска, Советскиот Сојуз, Шпанија и Франција). Се надеваме дека и убавината на Југославија, со своите привлечни пејсажи, ќе го инспирира. Венли е под големо влијание на театарот и музиката. Тоа влијание се одрази и врз неговите дела. Познато е како ја дочарува атмосферата на театарот во која се преливаат светлата, а исто така е познато како со својот брз поглед ги доловува движењата на играчите на сцената, така што, гледајќи ги неговите платна во кои се преплетуваат боите со мелодијата и длабоките емоции, се чини дека безмалку ги слушаме нивните чекори и им ги гледаме движењата. Но тој не беше задоволен само со тоа, туку исто така го постави декорот за операта Кармен и Биљако. Материјалите што Сеиф ги употребува се: маслени бои, графит, молив и мастило, а најсаканите бои му се црвената, зелената, сината и жолтата во различни нијанси.

Класицизмот и реализмот со кои Сеиф го започна своето уметничко творештво, паднаа под влијание на експресионизмот, откако тој се врати од Европа. На неговите платна се појавија карактеристични бои со невообичаени својства и широчини каде што со избегнувањето на деталите постигнува длабочина во апстракцијата. Тој продолжи да го развива овој стил, поминувајќи на апстракција во која е складно синтентизиран и реализмот, и од една таква комбинација извлекуваше апстрактни форми и смисла од египатската природа и создаваше слики полни со длабока проѕирност и поетика. Во композицијата на мелодичното движење на боите, голема улога игра неговата бујна фантазија.

Експонатите што ОАР ги праќа во Југославија со цел за јакнење на пријателството помеѓу двете земји и во знак на потврда на заедничкото разбирање низ делата на уметниците што не излагале до сега, посетителот има можност да го забележи неореализмот на Сеиф Венли, во кој се преплетува реализмот и апстракцијата. Исто така може да ја забележи прозрачноста на александриската атмосфера, нејзините блескави бои и влијанието на векот на космосот.

Нема сомнение во тоа дека изложбата од ОАР во пријателска Југославија ќе биде почеток на зацврстувањето на културната размена помеѓу двете пријателски земји.

Али Хкалид
Директор на Музејот на
убави уметности — Александрија

**СЕИФ ВЕНЛИ**

1906 — Роден во Александрија.
1925 — Студира уметност во ателјето на Оторино Бечи.
1932 — Основа свое прво ателје.
1934 — Второ ателје во улицата Тефик.
1935 — Трето ателје во улицата Мохамед Рафат.
1936 — Награда „Моктар“ за сликарство.
1942 — Прва самостојна изложба (Сеиф и Адем) Британска изложбена галерија — Александрија.
1945 — Втора самостојна изложба (Сеиф и Адем). Египетско-француска галерија — Каиро.
1946 — Трета самостојна изложба (Сеиф и Адем). Гимназијска галерија — Каиро.
1947 — Групна изложба со големите италијански сликари.
Уметнички клуб — Рим.
1948 — Четврта самостојна изложба (Сеиф и Адем). Египетско-француска галерија — Каиро.
1949 — Награда „Ричард“ за сликарство.
1949 — Пета самостојна изложба (Сеиф и Адем). Во ателјето — Александрија.
1950 — Шеста самостојна изложба (Сеиф и Адем). Музеј на модерната уметност — Каиро.
1950 — Биенале во Венеција.
1952 — Седма самостојна изложба Египетско-француска галерија — Каиро.
1952 — Осма самостојна изложба (Сеиф и Адем) Каирскиот Салон.
1953 — Медаља за Афро-азиската изложба.
1954 — Девета самостојна изложба (Сеиф и Адем) Египетско-француска галерија на пријателството — Александрија.
1954 — Биенале во Сао Паоло.
1955 — Десета самостојна изложба (Сеиф и Адем) Галерија на културата — Каиро.
1955 — Единаесета самостојна изложба (Сеиф и Адем)
Во ателјето — Каиро.
1955 — Дванаесета самостојна изложба (Сеиф и Адем)
Во ателјето — Александрија.
1956 — Биенале во Венеција.
1956 — Афро-азиска изложба.
1956 — Изложба Египет — Кина.
1957 — Пат во Нубија со задача од Министерството за култура на ОАР да го нацрта стариот град.
1957 — Тринаесета самостојна изложба (Сеиф и Адем)
Музеј на убавите уметности — Александрија.
1957 — Биенале во Сао Паоло.
1957 — Младинскиот фестивал во Москва.
1958 — Четиринаесета самостојна изложба (Сеиф и Адем)
1959 — Смртта на Адем Венли
1959 — Прва награда на Биеналето во Александрија.
1960 — Четврто ателје 19, Ал Хориа Стрит, Александрија.
1967 — Изложба на александриските уметници во Париз и Шпанија.
1967 — Управник на Националното друштво на убави уметности — Каиро.
1967 — Ретроспектива
Музеј на убавите уметности — Александрија.

## КАТАЛОГ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. БРЕГОТ НА ЖЕТВАРИТЕ | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 2. ВРАЌАЊЕТО НА СТОКАТА | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 3. СЕЛСКИОТ ПАЗАР | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 4. ЕДКО САЛИНЕС | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 5. КАНАЛОТ МАХМУДИЕН | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 6. КРПАЧИ НА МРЕЖИ | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 7. АЛЕКСАНДРИСКИ КОРНИЗИ | масло | (100 × 69 см.) | 1968 |
| 8. ЕКИНГИ МАРУИТ | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 9. ВОЛЧЕШКИ ЗАВИВАЊА ВО НОЌТА | масло | (83 × 47 см.) | 1968 |
| 10. ЛЕТАЧКИ | масло | (94 × 58 см.) | 1968 |
| 11. КОЊИ НА МЕСЕЧИНАТА | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 12. ЗАПАДНА ПУСТИНА | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 13. ПЛОШТАДОТ ОРАБИ | масло | (100 × 60 см.) | 1968 |
| 14. ОСВОЈУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ | масло | (100 × 100 см.) | 1966 |
| 15. СТОЛОВИ | масло | (100 × 100 см.) | 1965 |
| 16. ХОР | масло | (100 × 100 см.) | 1966 |
| 17. ОРИЕНТАЛНИ МЕЛОДИИ | масло | (100 × 100 см.) | 1966 |
| 18. ГИТАРИСТ | масло | (100 × 100 см.) | 1965 |
| 19. МУЗИЧКИ ДУХ | масло | (100 × 70 см.) | 1963 |
| 20. ДВОЈНА ВИОЛИНА | масло | (100 × 70 см.) | 1963 |
| 21. КЛАРИНЕТИ | масло | (100 × 70 см.) | 1965 |
| 22. ХРАМОТ КАЛАБХА | масло | (100 × 70 см.) | 1963 |
| 23. АВТОПОРТРЕТ | масло | (60 × 50 см.) | 1962 |
| 24. ГОСПОЃА ЕНСАН | масло | (68 × 22 см.) | 1967 |



1. БРЕГОТ НА ЖЕРАВИТЕ, *масло*



6. КРПАЧИ НА МРЕЖИ, *масло*



7. АЛЕКСАНДРИСКИ КОРНИЗИ, *масло*



17. ОРИЕНТАЛНИ МЕЛОДИИ, *масло*

EXHIBITED WORKS

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. AGAMI BEACH | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 2. CATTLE RETURN | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 3. VILLAGE MARKET | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 4. EDKO SALINES | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 5. MAHMOUDIEN CANAL | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 6. NET REPAIRS | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 7. ALEXANDRIA CORNICE | oil | (100 × 69 cm) | 1968 |
| 8. EKINGI MARIUT | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 9. LUPINE SELLERS AT NIGHT | oil | (83 × 47 cm) | 1968 |
| 10. KITES | oil | (94 × 58 cm) | 1968 |
| 11. HORSES IN MOON LIGHT | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 12. WESTERN DESERT | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 13. ORABI SQUARE | oil | (100 × 60 cm) | 1968 |
| 14. SPACE CONQUEST | oil | (100 × 100 cm) | 1966 |
| 15. CHAIRS | oil | (100 × 100 cm) | 1965 |
| 16. CHORAL | oil | (100 × 100 cm) | 1966 |
| 17. ORIENTAL TUNES | oil | (100 × 100 cm) | 1966 |
| 18. GUITARIST | oil | (100 × 100 cm) | 1965 |
| 19. MUSICAL SPIRIT | oil | (100 × 70 cm) | 1963 |
| 20. DOUBLE VIOLIN | oil | (100 × 70 cm) | 1963 |
| 21. CLARIONETS | oil | (100 × 70 cm) | 1965 |
| 22. KALABCHA TEMPLE | oil | (100 × 70 cm) | 1963 |
| 23. SELFPORTRAIT | oil | (60 × 50 cm) | 1962 |
| 24. Mme. EHSAN | oil | (68 × 22 cm) | 1967 |

## SEIF WANLY

1906: Born in Alexandria.
1925: Studied Art at Ottorino Bicchis Studio.
1932: Founded his first Studio.
1934: His second Studio at Tewfick Street.
1935: His third Studio at Mohamed Raafat Street
1936 : Mokhtar Prize for Painting.
1942 : First „One man show" (Seif & Adham)
British Exhibition Gallery — Alexandria.
1945 : Second „One man show" (Seif & Adham)
Egyptian French Gallery — Cairo.
1946 : Third „One man show" (Seif & Adham)
Lycée Gallery — Cairo.
1947 : Art Club — Rome
(Collective Exhibition with Great Italian Painters).
1948 : Fourth „One man show" (Seif & Adham)
Egyptian French Gallery — Alexandria.
1949 : „Richard" prize for painting.
1949 : Fifth „One man show" (Seif & Adham)
At Atelier — Alexandria.
1950 : Sixth „One man show" (Seif & Adham)
Modern Art Museum — Cairo.
1950 : Bienale in Venice
1952 : Seventh „One man show"
Egyptian French Gallery — Alexandria
1952 : Eight „One man show" (Seif & Adham)
Cairo Saloon
1953 : Medal of Afro-Asian Exhibition
1954 : Ninth „One man show" (Seif & Adham)
Egyptian French Friendship Gallery — Alex.
1954 : Bienale — Sao Paolo
1955 : Tenth „One man show" (Seif & Adham)
Cultura Gallery — Cairo.
1955 : Eleventh „One man show" (Seif & Adham)
At Atelier — Cairo.
1955 : Twelfth „One man show" (Seif & Adham)
At Atelier — Alexandria.
1956 : Bienale — Venice.
1956 : Afro-Asian Exhibition.
1956 : Egypt-China Exhibition.
1957: Trip to Nubia in charge of the Ministry of Culture of U.A.R. to draw the old Nubia.
1957 : Thirteenth „One man show" (Seif & Adham)
1957 : Bienale — Sao Paolo.
1957 : Youth Festival in Moscow.
1958 : Fourteenth „One man show" (Seif & Adham)
1959: Death of Adham Wanly.
1959 : First Prize at Bienale in Alexandria.
1960: His fourth Studio 19, Al Horria Street, Alex.
1967 : Alexandria Painter's Exhibition in Paris & Spain.
1967 : Chief of the National Society of Fine Arts (Cairo)
1968: RETROSPECTIVE — Fine Art Museum — Alex.

издавач: музеј на современа уметност — скопје
publisher: musée d'art contemporain — skopje

уредник: александар ѓурчинов
editor: aleksandar đurčinov

предговор: али хкалид
preface: ali hkalid

превод: слободанка парлиќ
translation: slobodanka parlić

поставка на изложбата: александар ѓурчинов
setting of the exbition: aleksandar đurčinov

техничка подготовка: стојан петровиќ
technical arrangement: stojan petrović

печатница: графички завод „гоце делчев“ — скопје
printed by: graphic office ,,goce delčev“ — skopje

тираж: 500
printed in 500 copies